# УЧИТЕЛОТ И УЧЕНИКОТ

Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“The Master and the Disciple” by Sri Chinmoy
Copyright © 1985 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Учителот и ученикот“
Автор: Шри Чинмој

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

239.6-58

ЧИНМОЈ, Шри
Учителот и ученикот / Шри Чинмој ; - Скопје : Шри Чинмој центар, 2019. - 148, [5] стр. : слика на авторот ; 21 см

Превод на делото: The Master and the Disciple / by Sri Chinmoy. - За авторот: стр. [151-153]

ISBN 978-608-4894-21-6

а) Духовна обука - Шри Чинмој (1931-2007)
COBISS.MK-ID 111597578

# СОДРЖИНА


Вовед - Гуруто .................................................. 13

Улогата на Гуруто ........................................... 17

Изборот на Гуру .............................................. 37

Реализиран Учител ......................................... 50

Учителот и ученикот ....................................... 62

Единство со Учителот ..................................... 75

Приказни и претстави ..................................... 95

Нашиот пат .................................................. 140

# ПРЕДГОВОР

Што е вистински духовен Учител и каков вид на мудрост отелотворува тој? Кои се негови ученици и каква сила ги тера нив да го следат? Во оваа исклучителна збирка на текстови, духовниот Учител Шри Чинмој ја просветлува за нас трогнувачката движечка сила што го поврзува духовниот Учител или Гуру и неговиот ученик. Таа движечка сила е полна со љубов и сведочи за преобразувачката визија на животот. Зборовите на Шри Чинмој откриваат повисока духовна вистина чие следење е исцртано со одисеја на која што заеднички се впуштаат духовниот Учител и ученикот. Природата на таа одисеја го заслужува нашето разбирање.

Со зборовите на Шри Чинмој, вистински духовен Учител или Гуру е некој што достигнал Богореализација, крајното совршенство во мудроста на животот и што се обидува да ја пренесе таа мудрост на другите. За некој со горлив глад за внатрешно знаење и мир, таквата мудрост е веднаш видлива во Богореализирана душа. Самиот Шри Чинмој зрачи со сјај и мир толку возвишен, и со љубов што толку прифаќа и толку безусловна, што никој не можеше да не

го почувствува тивкото блаженство во негово присуство. Просветлен Учител ретко ја пренесува својата мудрост со зборови и никогаш со дидактички инструкции. Неговото учење е тишината на неговиот поглед, хармонијата на неговите гестови, сомилоста на неговата насмевка и бескрајноста на неговото срце. Неговиот авторитет доаѓа од неговата љубов и мир, и заради нив ученикот се поврзува себе со волна посветеност за волјата на својот Учител.

Има малку Богореализирани души и уште помалку Богореализирани духовни Учители. Како што нагласуваше Шри Чинмој, вистинскиот духовен Учител препознавајќи дека внатрешното богатство што го открил е наследно право и скриено богатство на секој човек, го нуди својот дар на поединците што страдаат и трагаат насекаде. Овој неопходен дар доаѓа бесплатно бидејќи љубовта и мирот немаат цена, и нè учи да го видиме нивниот одраз во сите создадени нешта. Така, со бесконечна сомилост, духовниот Учител ја зема фрустрацијата и болката од тие што доаѓаат кај него и за возврат им го дава својот сопствен мир и радост.

Духовниот Учител е уметник со бескрајно трпение. Во него се споени решителноста на

бестрашниот воин и слаткоста на најнежната мајка. Служејќи се со годините за негова временска рамка, тој го обликува непокорниот човечки материјал од неговите ученици во самата слика на мирот. Тоа е колосална задача. Иако мирот е природен за душата на човекот како што е воздухот за дишењето, сепак мирот нè заобиколува. Секој од нас тврди дека не сака ништо повеќе од мир, сепак секој од нас живее во море на турбуленции. Вината лежи во нашето сопствено незнаење, во сомнежот и во несоодветната посветеност на изворот на мир во нас. Затоа духовниот Учител мора постојано да прави своите ученици да се оттргнат од лажни решенија за нервозите во животот и да го најдат своето сопствено крајно засолниште во олтарот на своето срце.

Преку својата сопствена детска едноставност, радост и смиреност, Учителот постојано му ја нуди на ученикот сликата на ученикова сопствена вистинска цел. На почетокот, влијанието на Учителот му дава на ученикот повторувани, но привремени, искуства на смиреност и блаженство. Но со тек на време, тие искуства создаваат верба кај ученикот која цвета во неговиот сопствен внатрешен потенцијал. Таа вер-

ба гладува за реализација на својата сопствена внатрешна визија. Шри Чинмој пишува: „Задача на духовниот Учител е да направи неговите ученици да почувствуваат дека без љубов, без вистина и светлина, животот е безначаен и бесплоден. Најважното нешто што духовниот Учител го прави за своите духовни деца е да ги направи свесни за нешто пространо и бескрајно во нив самите, а што не е ништо друго, освен Самиот Бог.“

За Шри Чинмој, примарен начин на духовна обука е медитацијата со што Учителот постепено ги изнесува во преден план особините што ќе му овозможат на ученикот внатрешно да напредува и да им се спротивстави на влечењето на самоуништувачките и негативни сили и навики. Со медитацијата ученикот започнува процес што на крај ги преобразува корените на неговото битие. Тој процес прави да престане да се идентификува себе со надворешните настани, со успесите и несупесите во својот живот. Наместо тоа, започнува да наоѓа непоколеблив извор во него самиот, извор толку возвишен што е недопирлив за перипетијата на животот. Секој настан во животот, било радосен или болен, станува можност преку која ученикот ја продла-

бочува својата посветеност на тој извор на исклучителна убавина и го зачувува блаженството што го добива. Мистериозното патување кон тој непознат извор се разоткрива во чудо на радост и благодарност што за вистинскиот трагач станува неопходна реалност на неговиот живот. Сите останати искуства го губат значењето пред неопходноста од тоа патување кон мирот, светлината и блаженството.

Шри Чинмој ни кажува дека како што духовниот Учител го поттикнува внатрешниот глад кај неговите сакани ученици, тој ги води да препознаат дека неговата висина и неговата реализација на бескрајниот Мир се нивни сопствени. Кога ученикот ја чувствува таа вистина, разбира дека вистинската послушност за неговиот Учител не е ништо друго, освен неговата постојана одлучност да остане во неговото срце и да ја присвои светлината на Учителот за себе. Надворешната послушност или согласност со советот и барањата на духовниот Гуру само го изразува внатрешното препознавање дека само затоа што неговиот Учител е целиот за него, ученикот копнее целиот да биде за својот Учител. Бидејќи е едно со својот Учител, ученикот ја прави визијата на неговиот Учител своја. Би-

дејќи Учителот е едно со својот ученик, тој радо ги прифаќа несовршеностите на својот ученик за негови сопствени и презема целосна одговорност за преобразбата на тие несовршености во совршеност.

Со зачудувачка благодарност, ученикот повторно и повторно гледа дека неговата сопствена самољубов, оптовареност со самосомневање, не се ништо во споредба со љубовта што неговиот Учител ја има за него. Најпрво колебливо, а потоа со растечка посветеност, се предава себе на искуството на таа љубов. Со исцелувачката моќ на својата сомилост, Учителот полека ги заменува ограничувањата на неговиот ученик со искреност во умот, чистота во срцето и посветеност на светата визија на животот.

Шри Чинмој го нарекуваше својот пат - пат на љубов, посветеност и предаденост. Ученикот го сака својот Учител и преку него го сака своето сопствено повисоко сопство. Со бескрајна грижа и нежна наклонетост, се посветува себе на негување на реалноста што неговиот Учител ја изнесува во преден план внатре во него. И на крај, радо го предава целото свое битие, со сите свои несовршености, на волјата на својата сопствена реалност. Преку неговото единство

со неговиот Гуру, тој учи дека секој од нас го поседува Бог во него самиот и дека целата творба не е ништо друго, освен Божја Светлина. Гледа дека неговата улога е едноставно да биде од таа Светлина, да ја манифестира и да ја сака, и да ја негува со другите. Со порој од блаженство го прегрнува дарот на животот. Со благодарност го нуди тој живот на визијата на својот Учител. А со неизмерна сомилост, неговиот Учител му го покажува океанот на мир на својот сопствен живот.

Сунанда

# ВОВЕД

## ГУРУТО

Гурото го гледа во својот ученик самиот лик на Бог; затоа тој е целиот пожртвуваност за ученикот. Ученикот го гледа и чувствува во својот Учител единственото засолниште од своите ограничувања; затоа тој е целиот љубов за својот Гуру.

Љубовта на Гурото за својот ученик е неговата сила. Предаденоста на ученикот на својот Гуру е силата на ученикот.

Гурото е во исто време и извор на постигнувањата на ученикот и највερен слуга на љубовта на ученикот.

Гурото има само едно сомилосно оружје - простување. Ученикот има три голи меча:

ограничување, слабост и незнаење. Сепак, Гуруто победува со голема леснотија.

Сам да постигнеш реализација е како да го препловиш океанот со сплав. Но да постигнеш реализација со милоста на Гуруто е како да го препловиш океанот со брз и јак брод што безбедно те носи преку морето на незнаење до Златниот Брег.

О ученику, дали го познаваш најлудиот трговец на земјата? Тоа е твојот Гуру и само твојот Гуру. Тој го купува твоето незнаење, а ти дава знаење; ја купува твојата неспособност, а ти дава моќ. Можеш ли некогаш воопшто да замислиш полуда зделка? Сега научи го името на Гуровата лудост - сомилост и ништо друго.

# ТВОЈОТ ВИСТИНСКИ УЧИТЕЛ

Тој што те инспирира
е твојот вистински учител.

Тој што те сака
е твојот вистински учител.

Тој што те бодри
е твојот вистински учител.

Тој што те усовршува
е твојот вистински учител.

Тој што грижливо те чува
е твојот вистиниски учител.

## УЛОГАТА НА ГУРУТО

Човечкиот учител ти покажува
како да читаш.
Божествениот учител бессоно
чита за тебе.
Првиот го води твојот ум
до портата на мудроста.
Вториот ја отвора твојата душа
кон небесно-широкото Сино.

Вистински духовен Учител е оној што постигнал Богореализација. Секој е едно со Бог, но вистинскиот духовен Учител го воспоставил своето свесно единство со Бог. Во секој момент може да влезе во повисока свест и да донесе пораки од Бог за оние ученици што имаат верба во него. Учителот, ако е вистински, го

претставува Бог на земјата за оние трагачи што имаат вистинско тежнение и верба во него. Овластен е или ополномоштен од Бог да им помага. Вистинскиот Учител, вистинскиот Гуру, е Самиот Бог. Но овде на земјата Тој често ќе дејствува во и преку духовен Учител. Учителот го енергизира трагачот со инспирација и со тек на време, преку бескрајната Милост на Севишниот, му нуди на трагачот просветлување.

Извадок од „Учителот и ученикот“
www.knigi.mk